**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Врз основа на член 123 став (2), член 181 став (2) и член 214 став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на седницата одржана на 22.01.2024 година, донесе

**ТАРИФНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЗАВЕРКА НА ГЕОДЕТСКИТЕ ЕЛАБОРАТИ ЗА ИЗВРШЕНИ ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ, ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ОБЈЕКТИ ВО КАТАСТАРОТ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ, ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТИ КОИ ОСТАНАЛЕ СО НЕЗАПИШАНИ ПРАВА И ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРОМЕНИ ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ И КАТАСТАРОТ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ КАКО ДЕЛ ОД КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Во Тарифникот за висината на надоместокот за заверка на геодетските елаборати за извршени геодетски работи, за запишување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфраструктурни објекти, за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и за запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.241/22), во членот 3, во табелата, редниот број 1 се менува и гласи:

„

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Промена на носител на право и вид на право во постапка на одржување | / | по ИЛ | 5.250 |

“

Редениот број 2 се менува и гласи:

„

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Промена на лични и адресни податоци за носителот на правото, личните и адресните податоци во Имотен лист за инфраструктурни објекти | / | по ИЛ | 1.250 |

“

Редениот број 7 се менува и гласи:

„

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Предбележување како условно запишување на | / | по ИЛ | 5.250 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | инфраструктурни објекти/бришење на извршено предбележување | | | |

"

По редниот број 12, се додаваат два нови редни броеви 13 и 14, кои гласат:

"

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13. | Предбележување на ИО кога е во фаза на градба/измени на предбележувањето на ИО кога е во фаза на градба | / | по ИО | 5.250 |
| 14 | Бришење на предбележување на ИО во случај кога се поништува актот врз основа на кој е извршено предбележувањето | / | по ИО | 2.625 |

"

Член 2

Во членот 4 во воведната реченица зборовите „и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности" се бришат.

Во табелата редените броеви 1 и 2 се менуваат и гласат:

"

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Промена на носител на право и вид на право во постапка на одржување | / | по ИЛ | 1.250 |
| 2. | Промена на лични и адресни податоци | / | по ИЛ | 350 |

"

Во редниот број 13 во колоната Вид на запишување, по зборовите „легализација на згради" се става запирка и се додаваат зборовите „соларни фотоволтаични и ветерни електрани".

По редниот број 37, се додава нов реден број 37-а, кој гласи:

"

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 37-а. | Бришење на предбележување на градба во случај кога се поништува актот врз основа на кој е извршено предбележувањето | 250 | 1 $m^2$/ 1 $m^3$ | 3 |

"

Член 3

Овој тарифник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 0101-1372/1
23 јануари 2024 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Роберт Бешовски,** с.р.